ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
# ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

С к о п ј е март 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 25. 03. 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2088/1 | | |

**Д О**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

1. Моника Заиковска
2. Бојан Стојаноски
3. Марија Костадинова
4. Маја Моračанин

**ВОВЕД**

## I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за заштита и благосостојба на животните се пропишуваат минималните барања за заштита и благосостојба на животните во однос на нивното одгледување, чување, грижа и сместување, заштита на животните при фармско држење, заштита и благосостојба на животните за време на превоз, колењето или убивањето на животни кои се одгледуваат за производство на храна, волна, кожа, крзно и други производи како и заради депопулација и слични операции, условите кои треба да ги исполнат кланиците во однос на заштита и благосостојба на животните при колење и убивање, заштита и благосостојба на домашните миленици и бездомни животни, животни во зоолошки градини и животните кои се користат во експериментални или едукативни цели.

Иако во внатрешниот правен систем на државата постои законска регулација со која се штитат и се овозможува благосостојбата на животните, сепак начинот на справување со бездомните животни е недоволен и законски недоволно регулиран.

Недостатокот на соодветни законска механизми за одговорното сопственишто и репродукцијата на доманите миленици, продажната дејност – трговијата, подарувањето на животни, како и казнени механизми за неодговорното сопственишто (размножување, напуштање), се изворот и клучниот причинител за нови единки на улица.

За уредување на оваа состојба низ годините на ниво на држава спроведени се следниве политики:

1. политика на убивање, како начин на справување со популацијата напуштени кучиња, требаше да доведе до:

а) намалување на бројот на истите;

б) создавање на одговорни сопственици и

г) едукацијата за позитивен соживот меѓу луѓето и животните.

Последицата од оваа политика - масовното убивање на животни во бројни локални прифатилишта во рамки на единиците на локалната самоуправа (Струмица, Гостивар, Кичево, Кочани, Куманово, Пехчево, Штип, Битола, Струга, во минатото Скопје) – доведе до голема реакција од граѓаните и воедно беше најстрого осудено од страна на многу македонски организации за благосостојбата на животните, иселеници, туристи, претставници на европскиот парламент. Политиката на убивање сама по себе создаде големи финансиски последици на централните и локалните власти, кои потрошија огромни средства од нивните буџети, а не се постигна крајната цел,а притоа животните беа изложени на суровост и причинителите (институција или поединец) поминува несанкционирано;

2.политика на спроведување на програмата „Залови – стерилизирај –вакцинирај – врати“ која не одговара на реалните потреби на општините (ниту една општина во ова програма нема извршено пребројување на слободните единки на својта територијата, преку која би се констатирала појдовната состојба, примена на методата залови – стерилизирај – вакцинирај – врати) и во сите општини имплементирана е во обем далеку помал од 50% со енормни финансиските загуби,а успехот од реализацијата изостанува во целост.

Непостоењето на усогласена законска рамка, која ќе ги третира и опфати сите горенаведени ризици и предизвици придонесува овој проблем се провлекува со децени и имплицира сериозни финансиски загуби. За да постигнеме трајни и одржливи резултати за граѓаните и животните, од клучно значење е спроведување на структуиран и комплексен систем кој опфаќа услуги од законодавен, образовен, правен и здравствен аспект, примена на унифицирана национална програма во сите ЕЛС во државата и третирање на сите точки на ризик.

Една од главните забелешки која му се припишува на постојниот Закон за заштита и благосостојба на животните е неговата двосмисленост и недореченост на одредбите, кои дополнително оставаат простор за произволно толкување во примената или кои имат недоволни механизми за решавање на овој проблем. Заради ова состојба , неопходно е јасното воведување на одредени забрани, со цел дефнирање на највисок степен на заштита на животните (како свесни суштества) од конкретни облици злоупотреба, мачење, или пак востановување на законско ограничување на постапката која произлегува од Директивите на Европската Унија и гарантира соодветна заштита на животните и граѓаните.

Основните постулати на кои ќе се заснова благосостојбата на животните, формата на забрани и прекршочните одредби, се важен дел и општа рамка, во чии граници понатаму со другите одредби се регулира суштината и механизмите за постигнување на реалната благосостојба на животните.

Воспоставување на контрола на популацијата на бездомни животни има повеќе аспекти: здравствен, комунален, еколошки, етички.Бездомните животни истотака претставуваат ризик за јавното здравје за луѓето (преку пренесување зоонозни заболувања, на пример беснило, токсоплазмоза) и допринесуваат кон намалување на хигиената во урбаните средини, која е предизвикана од разнесувањето на храна од контејнери.

За надминување на ова состојба потребна е помош од државата за сопственици на животни, кои се во социјален ризик и на општините со недостиг на финансиски средства или инфраструктура (отсуство на стационари). Спроведувањето на програма за намалување на бројката бездомни животни од страна на општините, кои ќе соработуваат со здруженија, ветеринарни станици, граѓаните (пример ваучер систем или мобилни клиники кои би опслужувале повеќе општини и сл) и со меѓународни организации и нивно директно (волонтерско) ангажирање во Република Северна Македонија, со ветеринарни тимови од http://www.enpa.it и http://worldvets.org/ ) треба да преставува законски механизам за подобрување на состојбите во оваа област.

Имајќи ги предвид досегашните искуства неопходно е еутаназијата, како мерка за контрола на популацијата на бездомните животни, целосно да се исфрли заради несовесното и прекумерното користење, како механизам за справување со бездомната популација животни од страна на операторите/давателите на услугите за заловување и третирање на бездомни животни во општините надвор од градот Скопје.Ова мерка наместо стратешки и системски долгорочни решенија, доведе до загрозување на општата безбедност, поттикнување насилство и култура на убивање, мотивирање на граѓаните да извршуваат кривични дела, расфрлаат забранети супстанци, пукаат со огнено оружје за контрола на бездомните животни. Во пракса постојат заведени случаи на жртви од оваа појава меѓу кои и случај на смрт на дете во Скопје, од ланата отров во контејнер, во кој детето барало храна.

Ова метода компаративно и во земјите каде што се применува, а тоа се Романија, Бугарија, Унгарија е показател за неуспех.Од досегашните извештаи добиени од општините, може да се утврди дека масовната еутаназија, како механизам за контрола на популацијата на бездомните животни, сè уште предничи во однос на програмата „залови-стерилизирај-вакцинирај-врати“ во општините надвор од градот Скопје, со единствено оправдување за истата дека животните кои се предмет на еутаназија се „тешко болни“ и „изнемоштени“. Дополнително, проблематично во оваа постапка е тоа што слободата на одлучување за спроведувањето на истата, ја имаат лицата кои се даватели на овој тип на услуги и не постои никаков механизам за надворешна контрола за тоа дали еутаназијата била оправдана.

Преку законски измени исто така неопходно е да се прошири надлежноста на комуналните служби при општините во насока на вршење надзор, проверка на одговорното сопственишто.

Истовремено, нужно е да се прошируваат надлежностите и улогата на Комисијата за заштита благосостојба на животните. Во моментов единствено надлежна

за да постапува во случаи на мачење, злоупотреба, занемарување, неодговорно сопственииштво и напуштање на животните е ветеринарна инспекција при Агенција за храна и ветеринарство. Ветеринарна инспекција има бројни други надлежности, но не е специјализирана за заштита на животни. Како последица на тоа, сведоци сме на неодговорно сопственииштво кое е основен причинител за постоење на бездомни животни на улиците; нелегална купопродажба на животните, борби со кучиња, пред сѐ во руралните средини при што повеќе „неупотребливите“ единки најчесто завршуваат на улица, како и исклучително бројни и екстремни случаи на насилство врз животните, кои без двоумење укажуваат на агресија и насилство во македонското општество – девијантни појави кои е неопходно да се превенираат, или кои доколку се случат е неопходно да бидат строго санкционирани. Таквите случаи се најчесто истражувани, откривани и пријавувани од здруженијата за заштита на животни. За жал фактичката состојба укажува дека по истите не се постапува соодветно, т.е. дека иако здруженијата ги евидентираат и пријавуваат, случаите не добиваат адекватна правна завршница. Наместо насилството врз животни да го третираме како сериозен показател за психолошка девијација и опасност во средината во која живееме, сведоци сме на случаи кога игнорираното насилството прераснува во екстремно насилство врз човекот.Заради овие причини со законот како решение се определува формирање на Полиција за живтни, како посебен орган или единица за контрола на неодговорното сопственииштво и нарушена благосостојба кај животните

Немањето на гробни места за миленици исто така е законско решение и со истото поблиску се регулира и уредува правото на изградба на гробишта на миленици, изградбата и одржувањето на гробиштата, управувањето со гробиштата, чувањето на умрен миленик, погребувањето и финансирањето на изградбата, реконструкцијата, управувањето и одржувањето на гробиштата.

Со предложените измени исто така потребно е да се регулира и надоместот на штета настаната кај граѓани поради напади и каснувања од кучиња скитници, како и постапката на вонсудско спогодување помеѓу оштетените и Град Скопје, како зголемување на глобите, кои ќе се пресметуваат по животно и се најмалку со два пати поголема вредност од просечната продажна цена на домашнен миленик.

Од горенаведените причини се предлагат измените и дополнувањата на Законот за заштита и благосостојба на животните.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основната цел на овој Предлог на закон е суштинско унапредување на законот во неговата основна намена заштита и благосостојба на животните и подобрување на нивниот статус, преку третирање на животните како чувствителни, свесни, интелигентни, социјални битија при што јасно ќе ги дефинира и штити нивните основни права и интереси, согласно видот на кој му припаѓаат.

Имајќи предвид дека основниот проблем за нарушување на благосостојбата на животните и за постоење на уличната популација која ја има на јавен простор е неодговорното сопственииштво, со законските решенија, изворот на проблемот поконкретно, попрецизно и потесно ќе се уреди, но и ќе предвидат дополнителни механизми за контрола и санкционирање.

Исто така со предложените законски одредби се врши регулација на институтот надомест на штета предизвикана од каснување од бездомни кучиња во вонсудска постапка со цел побрзо и ефикасно остварување на правата на граѓаните и намалување на нивните трошоци.

Основни начела по кои се предлагаат измените се начелата на економичност, непосредност и ефикасност.

**III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

Спроведувањето на Предлогот на закон не повлекува финансиски импликации од Републичкиот буџет.

**IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ**

За спроведување на Предлог на законот не се потребни финансиски средства и истиот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

**V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН**

Врз основа на членот 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагаме Собранието Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните, да го разгледа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ

Член 1

Во Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија” број 149/14, 149/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 65/23), во член 2 став 1, точката 1) се менува и гласи:

„животните да бидат третирани како свесни суштества, социјални битија, кои создаваат социјални врски, чувствуват среќа, тага, страв, болка, на начин кој е најсоодветен за нивните потреби согласно одредбите од овој закон и подзаконските прописи донесени врз основа на овој закон;”.

Член 2

Во член 3 став (2) по точката 45 се додаваат две нови точки 45-а и 45-б, кои гласат:

„45-а „Регистриран сопственик на домашен миленик “ е физичко или правно лице кое држи нерепродуктивно способен домашен миленик (стерилизиран или кастриран), кој е регистриран кај матичен ветеринар со здравствена легитимација-пасош, микрочипиран, и евидентиран во системот на Агенцијата;

45-б. „Регистриран одгледувач на домашен миленик“ е физичко или правно лице, даночен обврсник, регистрирано за дејноста одгледувач на домашен миленик, кое држи една или повеќе репродуктивно способни единки, кои се регистрирани кај матичен ветеринар со здравствена легитимација-пасош, микрочипирани, евидентирани во системот на Агенцијата;“.

По точката 49 се додаваат осум нови точки 50, 51, 52, 53, 54, 55, 56 и 57, кои гласат:

„50. Програмата за контрола над популацијата на бездомните кучиња „Залови – стерилизирај – вакцинирај – врати“ е единствена програма со која се утврдуваат активностите за третирање и здравствена заштита на бездомните кучиња, по која работат општините, општините во градот Скопје и градот Скопје без исклучок;

51. „домашен миленик” е животно, кое човекот го чува и се грижи за него поради друштво, заштита и помош или поради заинтересираноста за тоа животно;

52. „бездомно животно” е животно, кое постојано престојува на јавен простор, за кое не може да се утврди сопственост на ниту еден начин, кое човекот свесно го напуштил или е заловено на јавен простор без присуство на сопственикот, кој за тоа е известен, но во рок од 10 дена од денот на известувањето не постапил по истото ;

53. „привремено чување на домашен миленик” е чување на домашен миленик , на определено време од страна на физичко или правно лице, кое не е негов сопственик, со одобрение од сопственикот;

54. „пансион” е објект за привремено чување на домашни миленици, за определено време од страна на физичко или правно лице, кое не е негов сопственик, со одобрение од сопственикот, за финансиска надомест;

55. „здружение за заштита” е регистрирана организација согласно закон, во која заштитата и благосостојбата на животните е уредена со статутот на организацијата;

56. „згрижувач на бездомно животно” е лице или повеќе лица, кои се грижат за здравјето, благосостојбата, третманот и ресоцијализацијата на бездомно животно

заради укажување помош, или вдомување на животното;

57. „прифатилиште” е објект во кој привремено се сместуваат и згрижуваат бездомни животни и домашни миленици затекнати на јавен простор, во кое се обедзбедуваат соодветно сместување и грижа, во согласност со одредбите од овој закон.“.

Член 3

Во член 4 по ставот (16) се додаваат 18 нови ставови (17), (18), (19), (20), (21), (22), (23), (24), (25), (26), (27), (28), (29), (30), (31), (32), (33) и (34), кои гласат:

„(17) Забранета е еутаназија на здрави бездомни животни, животни кои се излечиво болни и животни за кои постои интерес да бидат вдомени.

(18) Забрането е размножување и продавање на домашни миленици, освен во услови на регистрирана одгледувачница.

(19) Забрането е подарување или продажба на нерегистриран миленик.

(20) Забрането е чување на домашен миленик – куче, постојано врзано на ланец или во затворен дел од ограден простор, без да се овозможи слободно движење надвор од тој простор.

(21) Забрането е колење и усмртување на животни во ритуални обреди, надвор од кланици.

(22) Забрането е одгледување на кокошки во основен кафезен систем.

(23) Забрането е моментално дробење на цели животни, односно мачерација во производство на јајца.

(24) Забрането е кубење пердуви на живина.

(25) Забрането е чување, одгледување и користење копитари во урбана средина.

(26) Забрането е користење на копитари за извлекување дрва, освен во тешко пристапни подрачја каде тоа не би било возможно без користење на копитари, притоа - имајќи го во предвид видот, старосната категорија и нивните физиолошки и етолошки потреби.

(27) Забрането е давање на живи животни како награди на игри на среќа.

(28) Забрането е користење на технички средства, помошни средства или направи со кој во облик на казна се влијае на однесувањето на животните, вклучувајќи и бодликави околувратници или средства за дресура кои вклучуваат употреба на електрична струја или хемиски средства, со чие користење се предизвикува болка.

(29) Забрането е користење на животни за сексуален однос, како и еквивалентни процедури или какви било други постапки со животни за задоволување на човечките сексуални потреби.

(30) Забрането е размножување на животни, кои не се полово зрели и кои не го завршиле својот раст, животни по одвикнување на младите кои сè уште не закрепнале и на животни исцрпени од болест, повредени или животни кои не се подготвени за парење.

(31) Забрането е трчање на животни врзани за моторно возило во движење.

(32) Забрането е парење на домашни кучиња и домашни мачки со диви животни.

(33) Забрането е напуштање на домашно животно, домашно милениче или припитомени диви животни и други животни кој човекот ги имал под контрола и надзор.

(34) Забрането е присуство на домашен миленик на јавен простор без присуство на сопственикот со оглед на фактот дека истото го загрозува здравјето и сигурноста на луѓето и другите животни.“.

Член 4

Во член 5 ставот (3) се менува и гласи:

„При изготвувањето на упатствата од ставот (2) на овој член за постапување со

животните за време на убивање и колење преку јавен повик задолжително се консултираат здруженијата за заштита на животните, Агенцијата за храна и ветеринарство и други заинтересирани страни и дадените мислења од консултираните субјекти, Комисијата за заштита и благосостојба на животните ги зема предвид .”.

Член 5

Во член 10 ставот (3) се менува и гласи:

„ Членовите на Комисијата ги именува директорот на Агенцијата, со мандат од три години, со можност за повторен реизбор. Од членовите, три члена се именуваат од Агенцијата, три члена од редот на истакнати стручни и научни лица од областа на заштита и благосостојба на животните и три члена претставници на здруженија за заштита на животните”.

Ставот (11) се менува и гласи:

„ Комисијата најмалку еднаш на четири месеци одржува состаноци. Комисијата најдоцна до 30 јуни во тековната година до директорот на Агенцијата доставува полугодишен извештај за својата работа, во кој задолжително се содржани и податоци од одржаните состаноци .Полугодишниот извештај е јавно достапен на веб страницата на Агенцијата.“.

Член 6

Во член 26 ставот (5) се менува и гласи:

„Сопствениците на репродуктивно способно животно од видот куче и мачка се должни животното да го стерилизираат, освен во случај кога се регистрирани како одгледувачи или одгледувачница. Регистрираните одгледувачи и одгледувачници, при секој расплод на животните го пријавуваат потомството од своите животни во овластена ветеринарна амбуланта, клиника или болница, најдоцна 30 дена по раѓањето и пред да ги предадат на друг сопственик, го идентификуваат и регистрираат согласно Законот за идентификација и регистрација на животните, најдоцна до два месеци возраст на младенчињата.“.

Ставот (9) се менува и гласи:

„Одгледувачниците, пансионите и продавниците на домашни миленици врз основа на поднесено барање се регистрираат во регистер на одгледувачници, пансиони и продавници за домашни миленици кој го води Агенцијата.“.

Ставот (11) се менува и гласи:

„Начинот и постапката на регистрација на регистрираните одгледувачи на домашни миленици, одгледувачниците, пансионите и продавниците на домашни миленици, барањата за простории и опрема за продавници на домашни миленици и формата и содржината на евиденцијата која ја водат одгледувачниците и продавниците на домашни миленици како и формата и содржината на регистарот од ставот (9) на овој член ги пропишува директорот на Агенцијата.“.

По ставот (12) се додаваат два нови става (13) и (14), кои гласат:

„(13)Контрола на размножувањето на животните обезбедуваат одгледувачниците. Одгледувачниците имаат обврска да се грижат за младенчињата на своите домашни миленици.

(14) Доколку ветеринарниот инспектор утврди напуштање на сопствените миленичиња и негрижа за младенчињата, може да му нареди на сопственикот односно одгледувачниците, на сопствен трошок, трајно да го стерилизира миленикот.“.

Член 7

Во член 27 ставот (6) се менува и гласи:

„Општините, општините во градот Скопје, односно градот Скопје и Република Северна Македонија во соработка со здруженијата за заштита на животните се должни да поттикнуваат одговорно сопственишто и да донесат програми кои ги поттикнуваат

сопствениците соодветно да се грижат за своите миленици, да ги кастрираат, односно ојаловат и ја подигнуваат јавната свест во однос на важечките прописи, кои се однесуваат на домашните миленици.”.

Член 8

По членот 27 се додава нов член 27-а, кој гласи:

„Член 27-а

Задолжително пружање помош на животно во неволја

(1) Секој кој ќе повреди или ќе го доведе животно во неволја, должен е да му пружи потребна помош сам, а доколку тоа не може да го стори сам, да обезбеди помош од стручно лице или да му пружи друга соодветна грижа.

(2) Доколку не може да се утврди сторителот на повредата на животното, помошта од ставот (1) на овој член ја обезбедува општината, општините во градот Скопје и градот Скопје на чија територија се наоѓа животното и истата се организира и финансира од средствата на општината, утврдени за таа намена.

(3) Доколку се утврди дека животното има сопственик, трошоците од ставот (2) на овој член се на товар на сопственикот.“.

Член 9

Во член 28 ставот (3) се менува и гласи:

„Прифатилиштата треба да обезбедат спроведување на соодветни мерки и персонал со цел за ефикасна заштита на животните, редовно хранење и напојување и доколку е неопходно лекување на животните. За контрола на популацијата на бездомните кучиња, општината, општините во градот Скопје, односно градот Скопје заловените бездомни кучиња привремено ги сместува во прифатилиште, во кое кучињата се кастрираат, односно ојаловуваат, здравствено се третираат, се врши превентивна здравствена заштита и тест за социјализација согласно со прописите од областа на ветеринарното здравство, по што истите се вдомат или враќаат во реонот од каде што биле заловени. Бездомните кучиња трајно се обележуваат со микрочип, а во случај на враќење на бездомни кучиња во реонот на заловување се обележуваат и со други видливи средства за идентификација, на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање на кучињата.”.

Ставот (8) се менува и гласи:

„Во случај на заловување на регистрирани кучиња, прифатилиштата се должни во рок од седум дена да ги известат сопственикот и надлежниот официјален ветеринар. Доколку не е возможно да се идентификува сопственикот и кога сопственикот е уредно известен, а во рок од 10 дена од прифатилиштето не го преземе својот миленик, со кучето се постапува согласно ставот (3) од овој член.“.

По ставот (9) се додава нов став (10), кој гласи:

„(10) Физичко лице и организација имаат право да третираат, згрижат и вдомат куче, кое не е идентификувано со микрочип и е на јавна површина.”.

Член 10

Во член 29 ставот (7) се додава нова реченицата, која гласи:

„Прифатилиште не смее да еутаназира бездомно животно доколку физичко лице или здружение за заштита и благосостојба на животните, регистрирано согласно закон, изјави дека сака да го преземе, да го лекува, да помага во ресоцијализација на агресивно животно и да го вдоми животното.“.

Член 11

По членот 47 се додава нова глава III-а и шест нови членови 47-а, 47-б, 47-в, 47-г, 47-д, 47-ѓ, кои гласат:

„III-а. ПОГРЕБУВАЊЕ НА МИЛЕНИЦИ

Член 47-а

Право и изградба на гробишта за миленици

(1) Секој регистриран сопственик и одгледувач, кој поседува миленик регистриран согласно одредбите од овој закон има право да користи гробиштата за миленици.

(2) Општините, општините на Градот Скопје и Градот Скопје, за изградба и одржување на гробиштата, засноваат право на долготраен закуп на градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, за што склучуваат договор со Република Северна Македонија, односно со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на градежното земјиште и задолжително го запишуваат во јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

(3) Лицата од ставот (1) на овој член, сопстевници на погребани миленичиња засноваат право на употреба на гробно место како лична службеност.

(4) Општините, општините на Градот Скопје и Градот Скопје, со урбанистички план го определуваат градежното земјиште наменето за гробишта, согласно прописите за просторното и урбанистичко планирање.”.

Член 47-б

Изградба и одржување на гробишта

(1) Гробиштата се градат и се одржуваат во согласност со овој закон, со прописите за градење, за заштита на животната средина и за здравствена и санитарна заштита.

(2) Нормативите, техничките стандарди и други здравствено - санитарни услови за изградба и реконструкција на гробиштата, придружни објекти и инфраструктурата, ги опфаќаат:

1) димензионирање на гробишта;

2) гробници и гробни места за погребување во зависност од видот на гробиштата;

3) посебна инфраструктура и придружни објекти на гробишта;

4) параметри за земјиштето што можат да бидат погодни за гробишта од еколошки, здравствено - санитарен, амбиентален, сообраќаен аспект и од аспект на оптимална оддалеченост од населено место, хидро-геолошки карактеристики на земјиштето и друго;

5) технички стандарди на придружни објекти на гробишта;

6) технички стандарди за гробни места, гробници, надгробни споменици;

7) посебни технички стандарди за крематориуми;

8) стандарди за уредување на зелени површини и,

9) оградување на гробиштата .

(3) Покрај нормативите,стандардите и условите од ставот (2) на овој член, за гробиштата задолжително се изработува и проект за распоредување на парцели за гробни места.

(4) Проектот од ставот (3) на овој член го изработува правното лице кое управува со гробиштата во смисла на ставот (2) од овој член

(5) Одржувањето на гробиштата опфаќа одржување на: придружни објекти, улици, патеки и зелени површини во гробиштата, јавна чистота на гробиштата и гробниците и инсталации.

(6) За одржувањето на гробиштата, носителот на гробното место на управителот на гробишта, му плаќа гробна такса (во натамошниот текст: гробарина) во висина на

реалните трошоци за одржување на гробиштата.

(7) Управителот на гробиштата гробарината ја наплатува еднаш годишно.

(8) Висината на гробарината од ставот (7) на овој член, ја определува управителот на гробиштата во согласност со Општините, Општините на Градот Скопје и Градот Скопје, според големината и бројот на гробните места.

Член 47-в

Управување со гробиштата за миленици

(1) Управувањето со гробиштата за миленици го врши Јавното претпријатие за благосостојба на животните скитници во Општините, Општините на Градот Скопје и Градот Скопје.

(2) Јавното претпријатие од ставот (1) на овој член должно е за вршење на работите управување со гробишта да води посебно сметководство за приходите остварени од вршењето на оваа дејност.

(3) Правното лице од ставот (1) од овој член, меѓусебните права и обврски со општината, општините во градот Скопје, односно градот Скопје ги уредува со договор.

Член 47-г

(1) Управителот на гробиштата за миленици е должен да ги врши следниве работи:

1) изготвува план за уредување на гробишта;

2) изготвува проект за парцелизација и начин на доделување на гробно место согласно планот и динамиката за реализацијата на урбанистичкиот план;

3) изградба и реконструкција на придружни објекти на гробишта;

4) изградба и уредување на патеки и зеленило;

5) води дневник и регистар на сите погребани лица;

6) воспоставување и водење евиденција на носител на гробно место;

7) утврдува висината и наплата на надоместокот за обележување и изработка на протокол за регулациона, градежна и нивелациона линија со определување на површина за изградба на гробно место и гроб;

8) утврдува висина и напла на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и придружните објекти на гробиштата;

9) утврдува висина и наплата за доделување на гробно место;

10) определува висина и наплата на надоместокот за одржување на гробишта (гробарина) и

11) утврдува ред и работно време на гробиштата и обезбедување на мир на гробиштата.

(2) Формата и содржината на дневникот и регистарот на сите погребани миленици ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.

Член 47-д

Погребување

(1) Погребувањето, на посмртните останки на умреното милениче се врши на гробиштата за миленици управувани од јавното претпријатија во општината.

(2) Погребувањето на миленик јавното претпријатие е должно да изврши во рок кој неможе да е подолг од 48 часа од приемот, доколку за тоа не постојат технички пречки.

Член 47-ѓ
Финансирање

(1) Финансирањето на изградбата, реконструкцијата, управувањето и одржувањето на гробиштата се обезбедува од:

1) надоместок за одржување на гробиштата- гробарина;

2) надоместок за пристап и користење на гробишна инфраструктура (мртовечница, ладилник и други инфраструктурни објекти);

3) надоместок за доделување на употреба на гробно место;

4) средства од буџетот на општината, средства од општините во градот Скопје, односно средства од градот Скопје и

5) кредити, донации и друго.”.

Член 12

Во член 55 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Комуналните служби на на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје вршат строго опредлени активности на надзор над спроведување на одредбите од овој закон, утврдени во членот 56-а од овој закон.”.

Член 13

По членот 56 се додава нов член 56-а, кој гласи:

„Член 56-а

„Во спроведувањето на надзорот од членот 55 став (2) од овој закон, општинските комунални служби се овластени да :

1) имаат пристап до податоците во Информацискиот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство;

2) санкционираат сопственик кој кучето не го држи на поводник;

3) извршат проверка дали домашниот миленик е микрочипиран и да санкционира во случај на неизвршени обврски на сопственикот согласно овој закон и Законот за идентификација и регистрација на животните;

4) санкционираат сопственик на кој миленикот му престојува на јавен простор без негово присуство;

5) изврши проверка дали сопственик кој има репродуктивно способен миленик има регистрирано одгледувачница;

6) поднесе пријава до официален ветеринар за констатирани неправилности по однос на одредбите на овој закон;

7) поднесе кривична пријава и

8) собира докази, изјави или врши други дејствија согласно овој закон во интерес на определена постапка.”.

Член 14

Во член 60 ставот (2) се менува и гласи:

„За одредбите од член 27 ставови (1), (2), (3) и (4) и член 30 став (3) точка 2) и став (4) од овој закон, контрола може да вршат и државните комунални инспектори на Државниот комунален инспекторат, општинските комунални инспектори и комуналните инспектори во општините, општините во градот Скопје и градот Скопје како и комуналните редари согласно овластувањата урврдени во Законот за комуналните дејности.”.

Член 15

Во член 64 став (1) воведната реченица се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 150 до 250 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 250 до 350 евра во денарска противвредност за средни трговци, од 350 до 450 евра во денарска противвредност за големи трговци, ќе му се изрече за прекршок на правно лице ако:“.“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице - микро трговци, од 30 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во правното лице - мали трговци, од 40 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во правното лице – средни трговци, од 50 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во правното лице - големи трговци, за прекршокот од ставот (1) на овој член”.”.

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршок од ставот (1) на овој член”.”.

Член 16

Во член 65 став (2) зборовите:„ од 50 до 75“ се заменуваат со зборовите: „ од 150“.

Член 17

Во членот 67-а пред зборовите :„ (1) Глоба во износ од 25 до 50 евра“ зборовите: „Член 67-а“ се заменува со зборовите: „Член 67-б”.”.

Член 18

По членот 67-б се додава нов член 67-в, кој гласи:

„Член 67-в

Надомест на штета

(1) Оштетеното лице има право да поднесе барање за надомест на штета директно до општината, општината во градот Скопје или Градот Скопје.

(2) Општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје се солидарно одговорни за надомест на настаната штета од каснување од бездомно куче.

(3) Општината, општината во градот Скопје или Градот Скопје се должни во рок од 60 дена од приемот на барањето од ставот (1) на овој член до оштетеното лице да достави:

1) образложена понуда за надоместок на штета или

2) образложен одговор на барањето за надоместок на штета.

(4) По приемот на образложената понуда за надоместок на штета од став (2) точката 1) на овој член, оштетеното лице потребно е да се произнесе во однос на дадената понуда со писмено известување до општината, општината во градот Скопје или Градот Скопје во рок од 30 дена.

(5) Доколку оштетеното лице не е согласно со образложената понуда од став (2) точката 1) на овој член, со образложениот одговор од став (2) точката 2) на овој член или доколку не добие одговор во рокот предвиден во ставот (2) на овој член може да поднесе тужба пред надлежен суд.

(6) Општината, општината во градот Скопје и градот Скопје се должни надоместокот на штета од став (2) точката 1) на овој член да го исплатат во рок од 30 дена од денот на доставувањето на писменото известување согласно со ставот (4) на овој член.

(7) За доцнење во исплатата се пресметува законска камата за задоцнето плаќање согласно со Законот за облигационите односи.”.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 19

Единиците на локалната самоуправа кои до денот на влегувањето во сила на овој закон немаат основано прифатилиште согласно членот 29 од овој закон, должни се во рок од 30 дена од денот на влегувањето на овој закон да склучат договор со регистрирано прифатилиште.

### Член 20

(1)Единиците на локалната самоуправа спроведуваат надзор над задолжителното микрочипирање, утврдено со ветеринарните прописи, за сопствениците на кучињата кои не се регистрирани во Регистарот за домашни миленици, најдоцна до 30 јуни 2024 година

(2) Надзорот од ставот (1) на овој член го вршат општинските редари во согласност со членот 27 од овој закон.

### Член 21

(1) Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесува Правилник за регистрирани одгледувачи на домашни миленици и регистрирани одгледувачници, во рок од два месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесува Правилник за родовник, во рок од два месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Подзаконските акти со кои поконкретно се уредуваат одредбите од овој закон директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 22

Во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, во рамките на Министерството за внатрешни работи се формира Полиција за животни.

### Член 23

Усогласувањето на овој закон со други закони ќе се изврши во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 24

Овој закон влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА
## ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

**Со членот 1** се дава поопширна дефиниција и концепција за третирање на животните. Според новата формулација, животните се третираат како свесни суштества и социјални битија кои имаат способност за создавање на социјални врски. Тие се признаваат како суштества кои можат да искусат различни емоции како што се среќа, тага, страв и болка.

**Со членот 2** се воведуваат нови дефиниции, односно „регистриран сопственик на домашен миленик", „регистриран одгледувач на домашен миленик", „домашен миленик", „бездомно животно", „привремено чување на домашен миленик", „пансион", „Здружение за заштита", „згрижувач на бездомно животно" и „прифатилиште". Дополнително, се предвидува програмата „Залови – стерилизирај – вакцинирај – врати" како единствена програма по која треба да работат општините, општините во градот Скопје, односно градот Скопје без исклучок. Во овие нови точки додадени се термините како: „домашен миленик" , „бездомно животно" , „привремено чување на домашен миленик", „пансион" „здружение за заштита" , „згрижувач на бездомно животно" и „прифатилиште".

**Со членот 3** се воведуваат широк спектар на забрани и ограничувања со цел заштита на животните од разни форми на злоупотреба и малтретирање. Овие забрани ги ставаат животните под законска заштита и ги санкционираат дејствијата кои можат да им наштетат на нивната благосостојба и безбедност.

**Со членот 4** се акцентира значењето на консултациите со различни заинтересирани страни при изготвувањето на упатствата за постапување со животните за време на убивање и колење. Основната промена е во вклучувањето на здруженијата за заштита на животните, Агенцијата за храна и ветеринарство, како и други заинтересирани страни во процесот на изготвување на упатствата. Ова значи дека во овој процес ќе бидат вклучени и организации и институции кои имаат искуство и експертиза во областа на заштитата на животните и ветеринарството. Оваа промена има за цел да осигура подобро усогласување на упатствата со најдобрите практики и стандарди за заштита на животните, како и да се обезбеди поширока поддршка и легитимност во процесот на изготвување на упатствата.

**Со членот 5** се предлага промени во составот на Комисијата за заштита и благосостојба на животните, односно наместо пет члена, како што е постојното законско решение, да се состои од три члена од редот на истакнати стручни и научни лица од областа на заштита и благосостојба на животните, како и наместо еден член, да се состои од три члена претставници на здруженија за заштита на животните. Дополнително, се предлага Комисијата наместо досегашното решение најмалку еднаш годишно да поднесе извештај за својата работа до Директорот на Агенцијата, истата задолжително да одржува состаноци на квартално ниво и задолжително да изработува и доставува полугодишен извештај за својата работа до директорот на Агенцијата и истите јавно ги објавува на веб страната на Агенцијата.Ваквото предлог законско решение го засилува нивото на транспарентност во работата на Комисијата.

**Со членот 6** се предвидува обврска за стерилизација на сопствениците кои држат репродуктивно способно животно од видот куче и мачка, освен во случај да се регистрирани како одгледувачи или одгледувачница. За регистрираните одгледувачи и одгледувачници се предвидува обврска при секој расплод на животните должни се да го пријават потомството од своите животни во овластена ветеринарна амбуланта,

клиника или болница, најдоцна 30 дена откако ќе се родат. Одгледувачите на домашни миленици се должни секое потомство да го идентификуваат и регистрираат согласно Законот за идентификација и регистрација на животните пред да ги предадат на друг сопственик, а најдоцна до два месеци возраст на младенчињата.Дополнително се предвидува одгледувачниците, пансионите и продавниците на домашни миленици се регистрираат во регистер на одгледувачници, пансиони и продавници за домашни миленици кој го води Агенцијата, врз основа на поднесено барање.

Се предлага дополнување на членот со нов став кој предвидува обврска за одгледувачниците да обезбедат контрола на размножувањето на животните под нивен надзор и грижа за младенчињата на своите домашни миленици. Доколку одгледувачниците не ја почитуваат оваа обврска и не се грижат за младенчињата, ветеринарниот инспектор по утврдување на напуштање на сопствените миленичиња може да му нареди на сопственикот трајно да го стерилизира миленикот, на трошок на сопственикот.

**Со членот 7** се предвидува обврска, освен за општините, општините во градот Скопје, односно градот Скопје и за Република Северна Македонија, во соработка со здруженијата за заштита на животните, да поттикнуваат одговорно сопственишство и да донесат програми кои ги поттикнуваат сопствениците соодветно да се грижат за своите миленици, да ги кастрираат, односно ојаловат и да ја подигнуваат јавната свест во однос на важечките прописи кои се однесуваат на домашните миленици.

**Со членот 8** се предлага донесување на нов член 27-а со кој се предвидува задолжително пружање помош на животните во случај на неволја или повреда. Имено, Секој кој ќе повреди животно или ќе го доведе во неволја, должен е да му пружи потребна помош, а доколку тоа не може да го стори сам, мора да обезбеди пружање помош од стручно лице или друга соодветна грижа.

**Со членот 9** се предвидуваат измени со кои се брише исклучокот кои им дозволува на општините, општините во градот Скопје, односно градот Скопје да може да применат и други пропишани методи за контрола на популацијата на бездомните кучиња. Дополнително, се предвидува новина во случај на заловување на регистрирани кучиња, кога кога сопственикот е уредно известен, а во рок од 10 дена не го превземе својот миленик од надлежното прифатилиште, кучето се сместува во прифатилиште.

Се дополнување на членот со нов став се предвидува дека физичко лице и организација има право да третира, згрижи и вдоми куче кое не е идентификувано со микрочип и е на јавна површина.

**Со членот 10** се воведува забрана за прифатилиштата да еутаназираат бездомно животно доколку физичко лице или здружение за заштита и благосостојба на животните, регистрирано според Законот за здруженија и фондации, изјави дека сака да го преземе, по потреба да го лекува, да помага во ресоцијализација на агресивните животни и да го вдоми животното.

**Со членот 11** по членот 47 се додава нова глава III-а. со наслов: „III-а. ПОГРЕБУВАЊЕ НА МИЛЕНИЦИ" и 6 нови членови 47-а, 47-б, 47-в, 47-г, 47-д и 47-ѓ. Овие нови членови (47-а до 47-ѓ) ги дефинираат процедурите и правилата поврзани со изградбата, управувањето и одржувањето на гробишта за миленици.

**Со членот 12** се предлага дополнување на членот 55 со нов став (3) со кои се задолжуваат комуналните служби на единиците на локалната самоуправа да вршат надзор и да следат строго определени активности за спроведување на одредбите од овој закон. Со оваа промена им се дава пошироки овластувања на комуналните служби за надзор и контрола за заштитата на животните.

**Со членот 13** се предлага дополнување со нов член 56-а во кои се опишани овластувањата на општинските комунални служби. Овие овластувања им овозможуваат на комуналните служби да вршат ефективен надзор и да применуваат соодветни мерки во случај на неприменување на законот.

**Со членот 14** се предлага донесување на решение со кои за одредбите пропишани во член 27 од Законот за благостостојба и заштита на животните контрола

да може да вршат и државните комунални инспектори на Државниот комунален инспекторат, општинските комунални инспектори и комуналните инспектори во општините во градот Скопје и градот Скопје како и комуналните редари согласно овластувањата урврдени во Законот за комуналните дејности.

**Со членот 15** се врши зголемување на глобите кои може да се изречат за прекршоците предвидени во Законот за заштита и благосостојба на животните.

**Со членот 16** се зголемува глобата за физичко лице кое ќе направи прекршок од членот 65 став (1) од овој член.

**Со членот 17** се врши измена од номотехнички карактер.

**Со членот 18** се предлага нов член 67-в со кој се уредува постапката за надомест на штета настаната од каснување од бездомно куче.

**Со членот 19** се уредува обврска за единиците на локалната самоуправа кои немаат основано прифатилиште согласно член 29 од овој закон до денот на влегувањето во сила на овој закон, да склучат договор со регистрирано прифатилиште во рок од 30 дена од денот на донесување на овој закон.

**Со членот 20** се предвидува обврска за единиците на локалната самоуправа до 30 јуни 2024 година да обезбедат надзор над спроведувањето на задолжителното микрочипирање на кучињата утврдени со ветеринарните прописи, за сопствениците на кучиња чии кучиња не се регистрирани во Регистарот за домашни миленици.

**Со членот 21** се предвидува обврска за Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство да донесе Правилникот за регистрирани одгледувачи на домашни миленици и регистрирани одгледувачници и Правилник за родовник, во рок од 2 месеци од влегувањето во сила на овој закон, како и сите останати подзаконски акти од кој зависи поконретно примената на одредбите на овој закон, во рок од 6 месеци од влегувањето во сила на овој закон.

**Со членот 22** се предвидува обврска за Министерството за внатрешни работи да формира Полиција за животни во рамки на Министерството за внатрешни работи во рок од 1 година од влегувањето во сила на овој закон.

**Со членот 23** се предвидува усогласување на сите останати законски акти кои ја определуваат оваа материја.

**Со членот 24** се уредува влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и прават една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените законски решенија ќе се унапреди состојбата на животните преку:

- прецизно дефинирање на поими во законот кои ја олеснуваат неговата примена;
- воспоставување на конкретни обврски на сопствениците на животни во однос на стерилизацијата, чипирањето, расплодот;
- забрана на еутаназија на здрави бездомни животни, животни кои се излечиво болни и животни за кои постои интерес да бидат вдомени; размножување и продавање на домашни миленици, освен во услови на регистрирана одгледувачница; подарување или продажба на нерегистриран (нечипуван) миленик; чување на кучиња постојано врзани на ланец или во бокс (ограден дел од двор), без да се овозможи слободно движење надвор од тој бокс; колење и усмртување на животни во ритуални обреди, надвор од кланици; одгледување на кокошки во основен кафезен систем; моментално дробење на цели животни, односно мачерација во производство на јајца; кубење пердуви на живина; чување, одгледување и користење копитари во урбана средина.

користење на копитари за извлекување дрва;

- подетално уредување на регистрацијата во соодветни регистри на одгледувачниците, одгледувачите, продавниците на домашни миленици, и пансионите како и начинот и постапката на регистрација.

ИЗВОД НА ОДРЕДБИТЕ ОД
ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ , КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

**Член 2**
**Цели**

Целта на овој закон е да обезбеди:

1)животните да бидат третирани како свесни суштества на начин кој најсоодветен за нивните потреби согласно одредбите од овој закон и подзаконските прописи донесени врз основа на овој закон;

2) лицата кои се одговорни за животните и ја штитат нивната благосостојба да обезбедат:

- животните да не се изложени на глад и жед;
- животните да се заштитени од неудобност и да се сместени во средина која е соодветна за нивниот вид;
- животните да се заштитени од болка, повреда или болест;
- на животните да им е овозможено нормално однесување и
- животните да не се изложени на страв и вознемиреност.

3) замена и намалување на користењето на животните во постапки и подобрување на условите за сместување нега и користење на животните во постапки;

4) ефикасен надзор и контрола на спроведување на одредбите на овој закон; и

5) поттикне ефективна соработка меѓу субјектите кои се засегнати во однос на заштитата и благосостојбата на животните.

**Член 3**
**Дефиниции**

(1) Поимите дефинирани во Законот за ветеринарно здравство и Законот за безбедност на храната се применуваат и во овој закон, доколку со овој закон поинаку не се дефинирани.

(2) Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Благосостојба” е физичка и социјална состојба на животните што се постигнува со исполнување на условите утврдени со овој закон за засегнатите видови животни вклучувајќи, но не ограничувајќи се на сместувањето, животната средина, исхраната, медицинската нега и социјалниот контакт;

2. „Говеда” се сите животни кои припаѓаат на родот говеда (диви или домашни);

3. „Свиња” е животно од видот свињи, од која било возраст, чувани за одгледување или товење;

4. „Овци” се сите животни од видот овци, освен овци помлади од шест месеца, кои се сметаат за јагниња;

5. „Кози” се сите животни од видот кози, освен кози на возраст под шест месеца, кои се сметаат за јариња;

6. „Осакатување” е постапка која се спроведува за цели поинакви од терапевтските и резултира со оштетување или загуби на чуствителни делови од телото

или нарушување на интегритетот на коскената структура, предизвикувајќи значителна болка и истоштеност;

7. „Надзорник” е лице кое е директно одговорно за благосостојбата на животните и ги придружува истите за време на патувањето;

8. „Контејнер” е корпа, кутија, сандак или друга цврста структура која може да се користи за транспорт на животни, а која не е транспортно средство;

9. „Контролен пункт” е место каде што патувањето на животните се прекинува за да се одморат, нахранат и напојат;

10. „Патување” е целокупниот процес на превоз од местото на поаѓање до местото на крајното одредиште, вклучувајќи го секој растовар, сместување и утовар кои се вршат за време на патувањето меѓу почетната и крајната дестинација;

11. „Долго патување” е патување кое трае подолго од осум часа, почнувајќи од моментот кога е натоварено првото животно од пратката;

12. „Систем за навигација” е сателитска инфраструктура која обезбедува глобално, континуирано, прецизно, гарантирано темпирање на времето и позиционирање или технологија која обезбедува услуги кои се еквивалентни за целите на овој закон;

13. „Организатор” е:

а) превозник кој има поддоговор со најмалку еден или повеќе превозници за дел од патувањето;

б) физичко или правно лице кое има договор со повеќе од еден превозник за патувањето или

в) лицето кое го потпишува патниот дневник;

14. „Место на поаѓање” е локација на која животното за прв пат е натоварено на превозното средство и притоа престојувало на таа локација најмалку 48 часа пред времето на поаѓање. Собирните центри кои се одобрени во согласност со Законот за ветеринарно здравство можат да се сметаат како место за поаѓање, доколку се исполнети следниве услови:

а) оддалеченоста меѓу првото место на натовар и собирниот центар е помало од 100 km или

б) животните се сместени на доволна количина простирка, неврзани, доколку е возможно и напоени најмалку шест часа пред времето за поаѓање од собирниот центар;

15. „Место на дестинација” е локација на која животното е истоварено од превозното средство и е:

а) сместено е најмалку 48 часа пред времето на повторно заминување или

б) заклано;

16. „Место за одмор или трансфер” е секое место каде што превозот е прекинат кое не е место на дестинација, вклучувајќи го и местото каде што животните го менуваат превозното средство без разлика дали се растовараат или не;

17. „Превоз” е движење на животно изведено со едно или повеќе превозни средства и други сродни операции, вклучувајќи натовар, растовар, трансфер и одмор сé до завршување на растоварот на животните на местото на дестинација;

18. „Возило” е превозно средство на тркала, кое се придвижува или влече;

19. „Одмор” е дел од патувањето кога животните не се поместуваат со превозното средство;

20. „Лице одговорно за превоз на животните” е лице со целосна контрола над организирањето, спроведувањето и завршувањето на целото патување, без оглед на должностите кои се утврдени со поддоговор со други заинтересирани страни за време на превозот. Тоа лице најчесто е лице кое планира, склучува договори и ги дефинира условите кои треба да ги исполнуваат другите заинтерсирани страни;

21. „Кланица” е секој објект дефиниран согласно прописите за ветеринарно здравство и безбедност на храната кој се користи за колење на копнени животни;

22. „Фиксирање” е примена на постапка врз животно со која се оневозможува неговото движење за да се поштеди од непотребна болка, страв или вознемиреност со цел да се постигне ефективно зашеметување или убивање;

23. „Омамување” е постапка која кај животно предизвикува губење на свест и сензибилност без предизвикување на болка вклучувајќи и секоја постапка која предизвикува моментално угинување на животно;

24. „Убивање” е постапка која доведува до смрт на животно;

25. „Колење” е убивање на животни наменети за исхрана на луѓето;

26. „Експериментални животни” се животни кои се користат или кои ќе се користат за експерименти;

27. „Постапка (експеримент)” е секоја употреба, инвазивна или неинвазивна, на животно за експериментални или други научни цели, со познат или непознат исход, или за едукативни цели која може кај животното да предизвикаат соодветен степен на болка, патење, вознемиреност или трајна повреда еквивалентна или поголема од онаа која се предизвикува со употреба на игла во согласност со добрата ветеринарна пракса;

28. „Проект“ е програма за работа која има дефинирана научна цел и која може да содржи една или повеќе постапки;

29. „Објект” е секоја инсталација, зграда, збир на згради или други простории вклучувајќи и место кое не е целосно затворено или покриено како и подвижни објекти;

30. „Одгледувач на животни кои се користат за научни цели“ е секое физичко или правно лице кое размножува животни од видови кои се одобрени од страна на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство со цел истите да се користат во постапки или за употреба на нивните ткива или органи за научни цели, или лице кое размножува други животни пред се за претходно наведените цели, без оглед дали остварува профит или не;

31. „Снабдувач” е секое физичко или правно лице, со исклучок на одгледувач, кое снабдува животни со цел истите да се користат во постапки или за употреба на нивните ткива или органи за научни цели, без оглед дали остварува профит или не;

32. „Корисник” е секое физичко или правно лице кое користи животни во постапки, без оглед дали остварува профит или не;

33. „Анестезирање” е постапка на одземање на сензитивноста со користење на метод на анестезија (локална или општа), кој е ефективен при примена на добра ветеринарна пракса;

34. „Хуман метод на убивање” е убивање на животното со минимално физичко и психичко страдање соодветно на видот;

35. „Убивање со разорување на мозочно ткиво“ е лацерација на централното нервно ткиво и р’бетниот мозок со помош на долг иструмент во вид на прачка кој се внесува во черепната празнина;

36. „Придружни операции во кланица“ се операции во кланица кои се однесуваат на манипулација со животните, внесување/сместување на животните во депо пред колење, фиксирање, омамување и искрварување на животните и се одиваат во контекст и локација на која животните се убиваат;

37. „Принудно и колење од нужда“ е колење на животни кои се повредени или се заболени од болест која предизвикува силни болки или страдање и кога непостојат други можности да се ублажат болката или страдањата;

38. „Религиозен обред“ се серија на постапки при колење на животни кои се прават од религиозни причини во согласност со одредени верски обреди од религии кои се официјално признаени во Република Македонија;

39. „Културни или спортски настани“ се настани кои примарно и во најголем дел се однесуваат на долготрајни традиционални или спортски активности, вклучувајќи и трки и други форми на натпреварување, при што не се врши производство на месо или

други производи од животинско потекло или каде производството е маргинална активност во споредба со настаните и не се од економско значење;

40. „Депопулација" е постапка на убивање на животни заради заштита на јавното здравје, здравјето на животните, благосостојбата на животните или заштита на животната средина под надзор на Агенцијата за храна и ветеринарство;

41. „Живина" се фармски птици, вклучувајќи ги и птиците кои не се сметаат за домашни птици, но кои се одгледуваат на фарма како домашни животни, со исклучок на ноеви;

42. „Стандардни оперативни постапки“ е збир на пишани упатства за постигнување на воедначен пристап во спроведувањето на специфична функција или стандард;

43. „Животни за производство на крзно“ се животни од видот цицачи кои првенствено се одгледуваат за производство на крзно како минк, ласици, лисици, ракуни, нутрија и чинчили;

44. „Пилиња за производство на месо (бројлери)“ се животни од видот Gallus gallus што се чуваат за производство на месо;

45. „Одгледувач„ или „Сопственик“ е физичко или правно лице или лица одговорни или задолжени за животните дури и времено;

46. „Одговорно лице на одгледувалиште на пилиња за производство на месо (бројлери)“ е секое физичко или правно лице одговорно за бројлерите на одгледувалиштето во согласност со овој закон дури и привремено;

47. „Одгледувачница“ е објект во кој се чуваат две или повеќе домашни миленици наменети за расплод и ставање во промет на младенчиња;

48. „Регистрирани копитари“ се сите копитари кои се идентификувани со документи за идентификација издадени од овластена институција надлежна за одгледување на копитари или од кој било друг надлежен орган во државата од која потекнува животното, кој води матична книга или регистар за таа раса на животни, или која било друга меѓународна организација или организација која е одговорна за коњите наменети за натпревари и трки и

49. „Превозник“ е секое правно или физичко лице кое превезува свои животни, или животни на други физички или правни лица.

**Член 4**
**Општи одредби за постапување со животните**

(1) Во секој можен случај и под секакви околности, секој треба да дејствува на хуман и грижлив начин кон животните.

(2) Сместувањето на животните треба да биде на начин со кој ќе се избегне штетното влијание на надворешните фактори од животната средина.

(3) На животните треба секојдневно да им се обезбеди вода за напојување со соодветен квалитет како и храна со соодветна хранлива вредност, хигиенски исправна и соодветна за нивната старост и вид заради оддржување на здравјето и физиолошките потреби.

(4) На животните треба да им се обезбеди нормално однесување имајќи го во предвид видот, старосната категорија и нивните физиолошки и етолошки потреби.

(5) Во случај кога животните не се во добра здравствена состојба, или покажуваат промени во однесувањето, сопственикот и/или одгледувачот без одлагање треба да преземе мерки да ја утврди и отстрани причината. Доколку преземените мерки не покажуваат ефекти, сопственикот и/или одгледувачот треба веднаш да побара помош од стручни лица. Болните и повредени животни треба да се сместат во лежишта кои обезбедуваат соодветна удобност и надзор и доколку е потребно им дозволуваат да останат во визуелен контакт со другите животни односно да бидат изолирани од другите животни.

(6) Забрането е предизвикување на болка, патење или повреди, сурово и нехумано однесување и убивање на животните во спротивност со одредбите од овој закон.

(7) Забрането е осакатување на животните како и секоја хируршка или слична интервенција со која се врши осакатување на животните заради естетски или други причини освен ако не е препорачано од доктор по ветеринарна медицина или ако не е во спротивност со овој закон.

(8) Хируршките интервенции се изведуваат само доколку за тоа постојат медицински или одгледувачки услови, со соодветна употреба на целосна или локална анестезија и на начин со кој се избегнува предизвикување непотребна болка или страдање на животното.

(9) Забрането е поттикнување на агресивност на животните против други животни и луѓето освен при дресурата на кучиња.

(10) Забрането е вклученост, поттикнување, организирање, рекламирање, одржување, организирање на обложување и обложување на борби меѓу животните за какви било намени.

(11) Забрането е присилување на животните на работа која го надминува нивниот физиолошки капацитет, здравствена или кондициона способност.

(12) Забрането е користење на диви животни во циркуски и слични претстави.

(13) Забрането е држење, одгледување и размножување на диви животни наменети за користење во циркуски и слични претстави.

(14) Забрането е држење, одгледување и разможување на животни исклучиво за производство на крзно или кожа или пердуви.

(15) Забрането е убивање и изложување на болка, страдање и патење на животните при употреба во филмови, реклами и останати комерцијални цели.

(16) По исклучок од став (15) од овој член, животни може да се употребуваат во филмови, реклами и останати комерцијални цели доколку со нив се постапува во согласност со одредбите на овој закон.

**Член 5**
**Упатства за добра пракса за заштита и благосостојба на животните**

(1) Агенцијата за храна и ветеринарство го поттикнува изготвувањето, дисеминацијата и употребата на упатствата кои се однесуваат на добра пракса за заштита и благосостојба на животните во однос на спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Упатствата за добра пракса се изготвуваат од страна на организации на одгледувачи, превозници, оператори со експериментални животни и оператори со храна во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(3) При изготвувањето на упатствата од став (2) на овој член за постапување со животните за време на убивање и колење треба да се направат консултации со невладини организации, Агенцијата за храна и ветеринарство и други заинтересирани страни и да се земат во предвид мислењата на Комисијата за заштита благосостојба на животните.

(4) Упатствата од став (2) на овој член треба да бидат доставени до Агенцијата за храна и ветеринарство за давање на мислење.

(5) По прием на доставените упатства Агенцијата за храна и ветеринарство во рок од 30 дена ги разгледува упаствата и дава мислење по истите.

(6) За упатствата од став (1) на овој член Агенцијата за храна и ветеринарство води и редовно ажурира Регистар на упатства за добра пракса за заштита и благосостојба на животните.

(7) Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство ја пропишува формата и содржината како и начинот на водење на Регистарот од ставот (6) на овој член.

**Член 10**
**Комисија за заштита и благосостојба на животни**

(1) Директорот на Агенцијата формира Комисија за заштита и благосостојба на животните (во понатамошниот текст: Комисија), која дава мислења, научна и техничка поддршка во однос на заштитата и благосостојбата на животните. За заштита на животни за научни цели, Комисијата дава совети на Агенцијата и телата за благосостојба на животни за работи поврзани со спроведување постапки, размножување, сместување, грижа и користење на животните во постапки и обезбедува размена на искуства.

(2) На барање на Агенцијата, Комисијата од став (1) на овој член обезбедува:

а) размена на податоци за работата на телата за благосостојба на животните и евалуација на проекти, со Националните Комитети за заштита и благосостојба на животни од земјите членки на Европската унија;

б) научна и техничка експертиза за условите за одобрување на кланиците од членовите 51 и 53 од овој закон за развој на нови методи за омамување;

в) научни мислења за упатствата дадени од страна на производителите на опрема за користење и одржување на опремата за фиксирање и омамување;

г) научни мислења за упатствата за добра пракса;

д) препораки за целите на овој закон и подзаконските прописи донесени врз основа на овој закон, особено во однос на вршењето на инспекција и

ѓ) мислења за капацитетот и способноста на субјектите од член 50 став (4) од овој закон за исполнетоста на условите за нивна работа и овластување.

(3) Директорот на Агенцијата ги именува членовите на Комисијата и тоа три члена од Агенцијата, пет члена од редот на истакнати стручни и научни лица од областа на заштита и благосостојба на животните и едно лице претставник на невладини организации. Мандатот на членовите на Комисијата е три години, со можност за повторен избор.

(4) Комисијата е стручно независна во рамките на својот делокруг на работа и преставува контакт точка за размена на податоци со други релевантни субјекти.

(5) По потреба, Комисијата може да побара стручно мислење од други лица избрани врз основа на нивната специфична научна компетентност за одредени специфични научни или технички прашања.

(6) Членовите на Комисијата потпишуваат изјава за заштита на класифицирани информации и за непостоење на судир на интереси.

(7) Членовите на Комисијата не смеат да имаат финансиски или други интереси кои може да влијаат на нивната независност и непристратност.

(8) На членовите на Комисијата им следува соодветен надоместок во висина на реално направените трошоци за работа во Комисијата.

(9) Трошоците за работата на Комисијата се на товар на Агенцијата.

(10) Комисијата својата работа ја извршува согласно Деловник за работа на транспарентен начин и сите релевентни податоци од нивната работа ги објавува на веб страната на Агенцијата.

(11) Комисијата најмалку еднаш годишно поднесува извештај за својата работа до директорот на Агенцијата.

(12) Директорот на Агенцијата ја пропишува постапката за именување и разрешување на членовите на Комисијата, содржината на Деловникот за работа на Комисијата и висината на надоместокот за работата на Комисијата.

**Член 26**
**Домашни миленици**

(1) При чување домашни миленици, покрај одредбите пропишани во член 4 од овој закон се применуваат и одредбите на ставовите (2), (3) и (4) на овој член.

(2) Сопствениците не смеат да ги напуштат домашните миленици.

(3) Забранети се следниве интервенции врз животните:

1) хируршки интервенции за модифицирање на изгледот на животните;

2) скратување на опашката и потсекување на ушите;

3) девокализација и

4) отсекување на канџи и обеззабување.

(4) Домашните миленици може да се користат за рекламирање, изложби, спортски натпревари и слични настани, доколку организаторот ги исполнил одредбите од член 4 на овој закон и доколку здравјето и благосостојбата на животните не се доведени во прашање.

(5) Сопствениците и/или одговорните лица кои ги користат своите миленици за репродукција и одгледувачниците треба да го пријават леглото од своите животни во овластена ветеринарна амбуланта, клиника или болница, да ги идентификуваат и регистрират младенчињата согласно Законот за идентификација и регистрација на животните пред да ги вдомат како и да ги пријават лицата кај кои ги вдомиле младенчињата.

(6) Одгледувачниците на домашни миленици треба да бидат регистрирани и да водат евиденција за домашните миленици. Евиденцијата треба да ја чуваат најмалку три години и истата треба да биде достапна на увид на барање на Агенцијата.

(7) Продавниците за домашни миленици треба да имаат простории и опрема соодветна на видот, полот, возраста и здравствената состојба на животните како и да бидат регистрирани.

(8) Продавниците на домашни миленици треба да водат евиденција и истата да ја чуваат најмалку три години. Евиденцијата треба да е достапна на увид на барање на Агенцијата.

(9) Одгледувачниците на домашни миленици и продавниците на домашни миленици се регистрираат во регистар на одгледувачници и продавници на домашни миленици кој го води Агенцијата, врз основа на поднесено барање.

(10) Продавниците на домашни миленици не смеат да стават во промет домашни миленици кои не се идентификувани и регистрирани согласно Законот за идентификација и регистрација на животните.

(11) Директорот на Агенцијата го пропишува начинот и постапката на регистрација на одгледувачниците и продавниците на домашни миленици, барањата во однос на просториите и опремата за продавниците на домашни миленици и формата и содржината на евиденцијата која треба да ја водат одгледувачниците и продавниците на домашни миленици како и формата и содржината на регистарот од став (9) на овој член.

**Член 27**
**Регистрирани кучиња**

(1) Сопствениците на кучиња се должни да ги пријават своите кучиња еднаш годишно во ветеринарните амбуланти, клиники и болници кои се овластени за спроведување на ветеринарно здравствена заштита од јавен интерес во нивното место на постојан престој, со цел да ги регистрираат и идентификуваат, како и да ги исполнат одредбите во однос на здравствената заштита согласно со прописите од областа на ветеринарното здравство. Трошоците за овие постапки се на товар на сопствениците на кучињата.

(2) Сопствениците на кучиња треба на влезната врата во дворот на видливо место да постават табла со која недвосмислено се укажува на присуство на куче, без разлика дали кучето или кучињата чиј е сопственик се опасни или не.

(3) Кучињата кога се на јавно место треба да бидат врзани на поводник освен кога се на јавни места каде е дозволено кучињата слободно да се движат во придружба на нивните сопственици.

(4) По исклучок од став (3) на овој член ловечки кучиња за време на лов и овчарски кучиња кои придружуваат стадо не треба да бидат врзани на поводник.

(5) Општините, општините во градот Скопје, односно градот Скопје треба да определат временски периоди и соодветно означени јавни површини каде домашните миленици во придружба на сопственикот може слободно да се движат без поводник.

(6) Општините, општините во градот Скопје, односно градот Скопје во соработка со здруженијата за заштита на животните можат да поттикнува одговорно сопственииштво и да донесат програми кои ги поттикнуваат сопствениците соодветно да се грижат за своите миленици, да ги кастрираат, односно ојаловат и ја подигнуваат јавната свест во однос на важечките прописи кои се однесуваат на домашните миленици.

**Член 28**
**Бездомни кучиња**

(1) Општината, општините во градот Скопје, односно градот Скопје, се надлежни да вршат собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затекнат на јавни површини без присуство на сопственикот и привремено да ги сместат во соодветни објекти - прифатилишта. Во овие објекти треба да се обезбеди елементарна заштита на животните од непогодни временски услови и да се обезбеди нивно ефикасно затворање.

(2) Заловувањето на бездомните кучиња се врши од страна на квалификувани лица на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање.

(3) Прифатилиштата треба да обезбедат спроведување на соодветни мерки и персонал со цел за ефикасна заштита на животните, редовно хранење и напојување и доколку е неопходно лекување на животните.За контрола на популацијата на бездомните кучиња, општината, општините во градот Скопје, односно градот Скопје треба заловените бездомни кучиња привремено да ги смести во прифатилиште каде кучињата треба да се кастрираат, односно ојаловуваат, здравствено се третираат, на нив да се изврши превентивна здравствена заштита и тест за социјализација согласно со прописите од областа на ветеринарното здравство по што истите треба да се вдомат или вратат во реонот од каде што биле заловени. Бездомните кучиња треба да бидат трајно обележани со микрочип, а во случај на бездомни кучиња вратени во реонот на заловување и со други видливи средства за идентификација, на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање. По исклучок, општината, општините во градот Скопје, односно градот Скопје може да применат и други пропишани методи за контрола на популацијата на бездомните кучиња.Општината, општините во градот Скопје односно градот Скопје треба да изготват и усвојат повеќегодишен план и програма врз основа на кој ќе се врши контролата на популација на бездомните кучиња и истите да ги достават на одобрување до Агенцијата.

(4) Интервенциите од став (3) на овој член може да ги врши само доктор по ветеринарна медицина.

(5) Трошоците за заловување и третман на регистрираните и нерегистрираните кучиња се на товар на сопствениците на кучиња, а во случај на бездомни кучиња на товар на општината, општините во градот Скопје, односно градот Скопје.

(6) Во случај на појава на заразна болест која може да се пренесе со кучињата, односно доколку постои опасност од појава на ваква болест, може да се направат исклучоци од одредбите од ставот (3) на овој член и да се спроведе убивање на бездомните кучиња со средства за хумана еутаназија.

(7) Субјектот кој раководи со прифатилиштето треба да води евиденција која содржи податоци за прифатените животни, која е достапна на увид на барање од страна на Агенцијата.

(8) Во случај на заловување на регистрирани кучиња, прифатилиштата се должни во рок од седум дена да ги известат сопственикот и надлежниот официјален

ветеринар. Доколку не е возможно да се идентификува сопственикот на животното, со кучето се постапува согласно став (3) од овој член.

(9) Директорот на Агенцијата ги пропишува постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, другите методи за контрола на популацијата на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор.

**Член 29**
**Одобрување на прифатилишта**

(1) Прифатилиштата треба да бидат одобрени од Агенцијата.

(2) За да бидат одобрени прифатилиштата треба да обезбедат здравствена заштита на животните и да ги исполнат условите во однос на простории, опрема и кадарот вработен во прифатилиштата, начинот на чување на бездомните кучиња,како и условите утврдени во прописите од став (7) на овој член и став (9) од член 28 од овој закон.

(3) Одобрувањето на прифатилиштата од став (1) на овој член се врши врз основа на поднесено барање од субјектот кој раководи со прифатилиштето и по извршен преглед на лице место од страна на Агенцијата.

(4) Во прилог на барањето од ставот (3) на овој член прифатилиштето треба да ги достави следниве документи:

- доказ дека деловниот објект е во негова сопственост или има право на користење и

- тековна состојба од Централен Регистар на Република Македонија.

(5) Овластеното службеното лице од Агенцијата кое ја води постапката по службена должностод надлежен јавен орган гоприбавува доказотод ставот (4) алинеја 2 на овој член во рок од три работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

(6) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од ставот (5) на овој член да го достави во рок од три работни дена од денот на приемот на барањето.

(7) При работата субјектот кој раководи со прифатилиштето треба да соработуваат со здруженијата за заштита и благосостојба на животните.

(8) Прифатилиштата од став (1) на овој член треба најмалку еднаш годишно да се контролираат од страна на Агенцијата и доколку се утврдат неусогласености Агенцијата превзема соодветни мерки, вклучувајќи времено или трајно повлекување на одобрението.

(9) За одбрените прифатилишта Агенцијата води Регистар и го објавува на веб страната на Агенцијата.

(10) Директорот на Агенцијата поблиску ги пропишува условите од став (2) на овој член, формата и содржината на барањето од став (3) на овој член како и формата и содржината и начинот на водење на Регистарот на одобрени прифатилишта.

**Член 55**
**Надлежност за вршење надзор**

(1) Надзор на спроведување на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон го врши Агенцијата.

(2) Работите на инспекцискиот надзор ги вршат официјалните ветеринари.

**Член 60**
**Асистенција од Министерство за внатрешни работи и соработка со други органи**

(1) За спроведување на одредбите од овој закон, официјалниот ветеринар може да побара асистенција од овластено лице од Министерството за внатрешни работи согласно Законот за ветеринарно здравство.

(2) За одредбите од член 27 ставови (2) и (3) и член 30 став (3) точка 2) и став (4) контрола може да вршат и државните комунални инспектори на Државниот комунален инспекторат, општинските комунални инспектори и комуналните инспектори во општините во градот Скопје и градот Скопје како и комуналните редари согласно овластувањата уврдени во Законот за комуналните дејности.

**Член 64**
**Прекршоци**

(1) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:

1) постапи спротивно со одредбите на членот 27 став (1) од овој закон;

2) не истакне табла со која недвосмислено се укажува на присуство на куче (член 27 став (2));

3) кога се на јавно место кучињата не ги држи врзани (член 27 став (3));

4) не го пријави леглото од своите животни во овластена ветеринарна амбуланта, клиника или болница, не ги идентификуваат младенчињата пред да ги вдомат и не ги пријават лицата кај кои ги вдомиле (член 26 став (5));

5) одгледувачниците на домашни миленици не водат евиденција за домашните миленици и истата не ја чуваат три години и не е достапна на увид на барање на Агенцијата (член 26 став (6));

6) продавниците на домашни миленици не водат евиденција за домашните миленици и истата не ја чуваат три години и не е достапна на увид на барање на Агенцијата (член 26 став (8));

7) продавниците на домашни миленици ставаат во промет домашни миленици кои не се идентификувани и регистрирани (член 26 став (10));

8) одгледувачите и/или сопствениците на животни не поседуваат вештини за одгледување, грижа и нега кон животните кои ги држат или не ангажират соодветно квалификувани лица (член 12 став (4)) и

9) одгледувачниците на домашни миленици и продавниците на домашни миленици не поднесат барање за регистрација во регистар на одгледувачници и продавници на домашни миленици (член 26 став (11)).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице од ставот (1) на овој член ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 10 до 15 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршок од ставот (1) на овој член.

**Член 65**

(1) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице, ако:

1) не води евиденција и не ја чува во период од најмалку три години по смртта или повторното вдомување на животните и истата не е достапна на барање на Агенцијата (член 16 став (17));

2) не ги идентификува животните со трајна идентификација на начин кој не предизвикува болка страдање или вознемиреност кај животните (член 16 став (18));

3) не ја чува целокупната документација, вклучувајќи го одобрението за проектот и резултатите од евалуацијата во период од најмалку три години од датумот на истекувањето на одобрувањето на проектот и истите не се достапни на барање на Агенцијата (член 23 став (4));

4) не ги чува проектите кои треба да бидат предмет на ретроспективна проценка до завршување на проценката (член 23 став (5));

5) не води евиденција која содржи пропишани податоци за прифатените животни, и не е достапна на увид од страна на надлежниот орган (член 28 став (7));

6) не дејствува на хуман и грижлив начин кон животните (член 4 став (1));

7) животните се сместени на начин со кој не се избегнува штетното влијание на надворешните фактори на животната средина, како што се бучавата, вибрацијата и атмосферското загадување (член 4 став (2));

8) на животните не им е обезбедено нормално однесување имајќи го во предвид видот, старосната категорија и нивните физиолошки и етолошки потреби (член 4 став (4));

9) постапува спротивно со одредбите на член 4 став (5) од овој закон;

10) одговорното лице не поседува сертификат кој е признат од страна на Агенцијата (член 13 став (1));

11) одговорното лице или сопственикот не обезбеди упатства за лицата ангажирани за чување или натовар на живината како и за методи на убивање кои се користат на одгледувалиштето (член 13 став (2));

12) одговорното лице или сопственикот не обезбеди упатства за заштита и благосостојба на животните за лицата ангажирани за чување на свињите (член 13 став (3));

13) не ја известува Агенцијата за секоја промена на одговорните лица кои треба да обезбедат исполнување на одредбите утврдени во овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон (член 16 став (10));

14) не поднеле барање за обновување на одобрението (член 16 став (11));

15) одгледувачот нема назначен доктор по ветеринарна медицина или соодветно квалификувано лице (член 16 став (12));

16) во телото за благосостојба во случај на корисник не учествува и едно или повеќе лица од научната област поврзана со животни кои се чуваат за научни цели (член 16 став (13));

17) одгледувачот не ги документира мислењата од телото за благосостојба не ги чува во период од три години и не ги направи достапни на барање на Агенцијата (член 16 став (14));

18) одгледувачите немаат воспоставено стратегија за зголемување на бројот на новородени животни кои потекнуваат од животни кои се држат во заточеништво (член 16 став (15));

19) одгледувачите немаат воспоставено стратегија и немаат програма за рехабилитација и ресоцијализација на животните (член 16 став (16));

20) напушти домашен миленик (член 26 став (2));

21) заловувањето на кучињата се врши од страна на неквалификувано лице и на начин кој предизвикува непотребна болка или страдање (член 28 став (2));

22) не ги исполнува услови за време на превоз на животните (член 34 став (3));

23) не назначува лице одговорно за превоз, кое ќе обезбедува информации за планирање, спроведување и довршување на патувањето (член 36 став (2));

24) не го координира патувањето и ја загрозува благосостојбата на животните (член 36 став (3) точка 1));

25) лицето одговорно за обезбедување на информациите за планирање, спроведување и довршување на патувањето не е достапно на надлежниот орган во секое време (член 36 став (3) точка 2));

26) постапувањето со животните не е доверено на обучен персонал (член 37 став (4));

27) редовно не ги информираат лицата присутни во собирните центри за нивните должности и обврски согласно со овој закон (член 40 став (1) точка 2));

28) операторите на кланици не воведуваат и користат стандардни оперативни постапки (член 49 став (8)); и

29) поттикнува агресивност на животните против други животни (член 4 став (9));

30) осакатува животни и врши хируршки или слични интервенции со кои се врши осакатување на животните заради естетски или други причини (член 4 став (7))

31) не ги исполнува одредбите од членот 39 став (1) од овој закон;

32) не ги исполнува одредбите од членот 39 став (2) од овој закон;

33) не го доверуваат постапувањето со животните на персонал кој поминал обука за соодветните технички правила (член 40 став (1) точка 1));

34) не ги исполнуваат техничките услови од член 40 став (1) точка 5) на овој закон;

35) не воспостават и не применуваат стандардни оперативни постапки (член 40 став (1) точка 6));

36) контролните пунктови не се користат само за прием, хранење, напојување, одмор, сместување, нега и испраќање на животни кои се на поминување (член 41 став (5));

37) постапи спротивно со одредбите од член 41 став (7) од овој закон;

38) операторите постапуваат во спротивно со член 51 став (3) на овој закон;

39) операторите не обезбедиле резервна опција за омамување (член 51 став (4));

40) операторите постапуваат во спротивност со член 51 став (5) на овој закон;

41) при принудно колење или колење од нужда одговорното лице за животното не обезбедил животното да биде заклано или убиено без одлагање на лице место (член 52 став (6));

42) бројот на животни го надминува бројот утврден во прописот од став (8) на член 52 од овој закон (член 52 став (2));

43) не ги исполнува условите од член 53 став (1) на овој закон;

44) операторите немаат назначено офицер за благосостојба на животните (член 53 став (2));

45) не обезбеди услови за држење на опасно куче (член 30 став (3));

46) опасните кучиња при движење не се придружувани од полнолетно лице (член 30 став (4));

47) присилува животни на работа која го надминува нивниот физиолошки капацитет, здравствена или кондициона способност (член 4 став (11));

48) се обложува на борба со животни за било каква намена (член 4 став (10));

49) одгледувачниците на домашни миленици не се регистрирани (член 26 став (6);

50) продавниците за домашни миленици немаат соодветни простории и опрема соодветен на видот, полот, возраста и здравствената состојба на животните и не се регистрирани (член 26 став (7);

51) постапува спротивно на подзаконскиот акт од членот 26 став (11) на овој закон;

52) во случај на заловување на регистрирани кучиња во рок од седум дена не го извести сопственикот или надлежниот официјален ветеринар и не постапи со кучето согласно членот 28 став (3) од овој закон (член 28 став (8));

53) Одгледувачите и/или сопствениците на животните не обезбедиле соодветни живеалишта и простор за сместување и опрема која ги исполнува минималните стандарди за заштита и благосостојба на животните (член 12 став (4));

54) Постапува спротивно на членот 13 став (4) од овој закон и

55) За време на превозот, животните не се придружувани со документ за превоз и документот за превоз не е достапен на барање на агенцијата (член 35 ставови (1) и (2)).

(2) Глоба во износ од 50 до 75 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичко лице за прекршок од став (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице од ставот (1) на овој член ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок од ставот (1) на овој член.

**Член 67-а**

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од Агенцијата ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членовите 16 став (7), 29 став (5), 41 став (9), 42 став (5), 44 став (7) и 50 став (12) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокна овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членовите 16 став (8), 29 став (6), 41 став (10), 42 став (6), 44 став (8) и 50 став (13) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокна овластеното службено лице од Агенцијата ако не реши по барањето во рокот утврден во членовите 44 став (9) и 50 став (10) од овој закон.

(4) За прекршоците од ставовите (1), (2) и (3) на овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.